СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петнаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 октомври 1993 година

Скопје, октомври 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА 15-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 66-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21.X.1993Г.**

1. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 4, 7, 10, 11, 12, 13
2. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 8, 9
3. СЕЛМАНИ НЕИМ - 6
4. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 1, 9
5. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 3

-седницата продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петнаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 октомври 1993 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пратениците Стојан Андов, Никола Стојановски, Славе Наумовски, Димитар Димитровски, Наум Симјановски, Тодор Димов, Петар Горѓиев и Шабан Превала ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницава.

Констатирам дека на седницава присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Застанавме кај поединечното гласање.

Господинот Стефковски бара деловничка интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед дека ја прекинавме вчера седницата кога требаие да се пристапи кон поединечно гласање и кога во оваа сала имаше 87 пратеници и каде исходот на гласањето ќе беше веројатно така како што беше со јавното гласање, денеска имаме проблем со составот на бројноста на пратениците во Парламентот што дава една основа за размислата дека ќе немаме квалитетно одлучување.

Оттука Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара пауза од час и половина заради договор во пратеничката група.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Бидејќи пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара пауза од час и половина, со работа ќе продолжиме во 15 часот.

Дава пауза на барање на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

(По паузата).

Седницата продолжи со работа во 15,15 часот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам пратениците да влезат во салата, тие што седат во холот и се разбира другите кои седат во пратеничките канцеларии.

Молам, да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Молам, уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Имаме 61 пратеник во салата и доволно мнозинство за работа,

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, јас сакам неколку зборови да ги објасни моите ставови како ќе гласам.

Прво, јас се сомневам во намерите на предлагачот, затоа што сметам дека лош човек не може да има добри намери. А неговите намери ги изјаснува господин Цветан Јовчевски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам да внимавате на зборовите кои ги употребувате за колегите.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Исто така, вели тој, не сакам да плаќам, односно не сакаат граѓаните да плаќаат радио и ТВ претплата кога на Македонската радио телевизија која е државна и Македонија треба да има државна телевизија, но на 17.X.1993 година во 19,30 часот од Моамед Биџаи, министер за образование и култура на Република Косово, цитирам, барем така пишува. Тој опширно говореше за образованието во

Република  Косово каде Македонската телевизија вршеше промоција на Република Косово, а немаме такво право да вршиме таква работа. Тој продолжува: "МРТВ изврши блокада во сопствениот простор, промовирајќи соседна држава, која ниту е призната, ниту слушнал некој за таква Република Косово. Ве молам, сосема е во право подносителот на Законот, тој вели за него сега и го молам овој Парламент да го прифати Законот на господинот Стојановски. Лично ќе се воздржам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, ние сме застанале кај поединечното гласање.

За збор се јави господин Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи веќе колку што се сеќавам најмалку два пратеника добија право да објаснат зошто ќе гласаат, сакам исто така и јас да го искористам своето право. Сакам да "укажам овде на оние колеги кои што можеби не ги разбираат политичките игри денес во Македонија дека прашањето за донесувањето на овој закон е изнудено и не е она што е во позадина на таа игра. За да бидам појасен ќе почнам со една мала хронологија. Некој овде констатира со право дека не случајно она што МРТВ оо бараше не се ставаше на дневен ред. Јасно, знаеме кој е во ситуација да го поставува на дневен ред. Тоа е владеачката коалиција од македонските лево ориентирани партии и ПДП и НДП. Значи, се бараше начин на еден суптилен начин, интелигентно уште еднаш да се надигра опозицијата, да се доведе пред очите на јавноста дека ќе учествува во уривање на некои национални институции, а играта е за политичко позиционирање пред наредните избори, односно главната битка се води за освојување на радиодифузната мрежа. Прашањето на тоа кој ќе се приклучи на таа радиодифузна мрежа е сосема од маргинален карактер, бидејќи сите независни радио и телевизиски куки кои што во последно

време се јавија, имаме сознание дека се точно политички лоцирани и прашање на време е кога ќе се приклучат на тој радиодифузен систем. Затоа, сакам да укажам и на колегите од опозицијата да не наседнуваат уште еднаш на овие политички, прљави би ги нарекол игри, кои што во редот по она што се случуваше околу трансформацијата на сопственоста и некои други прашања од економијата сега задираат не само во економската сфера, туку се од прашање кое што директно ќе влијае на политичката контрола во наредниот период на Република Македонија.

Затоа, сметам дека не би требало денес да се донесе законот за претплата, само заради логиката дека со тоа ќе се изнудат брзи радикални промени, бидејќи ќе влеземе во варијантите на македонската левица, која што се бори да го освои информативниот простор за наредните избори. Да оставиме оваа македонска институција да остане неначната од аспект на финансирање и да зборуваме повеќе за рокови во кои што македонската Влада со полна одговорност ќе мора еднаш да се разоткрие и да понуди решение. Да докаже дали е способна да владее со Македонија или да ја признае немоќта и да влеземе во предизборна агитација со сосема јасни констатации и вреднувања за оние кои што одлучуваа во овој период во Македонија.

Сакам, исто така, да укажам на следното. Би било трагично да се коалицира со една политичка група, која што претставува една популација која што е нелојална и од аспект на тоа што постојат тенденции во одреден регион на Македонија да се воспостават автономни системи за информирање, кои што апсолутно може да се очекува дека ќе ги загрозуваат националните и државните интереси на Македонија. Што сакам да кажам? Основно е сомнението дека може да се пренаменат средствата, кои што како надоместок нема да се упатуваат за финансирање на оваа национална државна институција во формирање на некоја друга информативна структура која што ќе делува

сепаратистички и апсолутно нелојално спрема македонската држава. Предлагам опозицијата да го промени својот став и со воздржан став е волно да протестираме на начин на кој што Владата ги решава проблемите, а да не го донесуваме овој избрзан закон со што ќе ги загрозиме темелите на македонската држава.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Наим Селмани.

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

Мислам дека стана вообичаено овде иницијативата што беше поднесена од ВМРО-ДПМНЕ не дека туку ми се допаѓаше, токму од таа група беше поднесена иницијативата, туку мислам дека само преку нив можевме некоја работа, што и објективно мислам дека ТВ не е нешто во ред. Во тие медиуми не е нешто во ред. Меѓутоа, сакам да кажам зошто ќе гласам за. Не заради тоа што таа иницијатива е од ВМРО, туку заради тоа што ова еднаш го имам речено званично, а и ќе го повторам тоа дека оваа единствена куќа во Југославија, во бивша Југославија, која званично ја нема осудено ни до ден денес агресијата на Србија врз Босна. Па, дури во моменти беше и национална само заради тоа што да ја оправда агресијата на Србија врз Босна. Мислам дека таа куќа и тие луѓе што се тука мора да се расчисти, поради тоа што мислам дека е така, а сакам некој да ме демантира во која информативна емисија, во кој дневник званично е осудено тоа. Само заради тоа ќе гласам за иницијативата на ВМРО-ДПМНЕ.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го молам секретарот да пристапи кон поединечно гласање.

Молам, да се утврди точниот број на пратеници.

Молам пратениците да се повикаат во салата.

58 пратеници се присутни во салата.

Имам еден предлог, бидејќи очигледно дека немаме кворум за работа, да продолжиме со другите точки, а оваа точка да остане последна, иако имаме друга последна точка, наредното продолжение да се навратиме на оваа точка. Со тоа, бидејќи има многу пратеници кои седат надвор, а не влегуваат во салата.

Дали Собранието прифаќа да работиме вака како што предлагам.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ние со самото започнување на седницата утврдивме дека има кворум, за расправа не мора да има кворум во момент на гласање ќе се преброиме пак. Можеме да почнеме да работиме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, да се повикаат пратениците во салата и да гласаме по предлогот што ви го понудивме. Да почнеме по другите точки, а ова да остане последна точка од оваа седница. Да им се каже на пратениците дека нема да расправаме по овој предлог, но треба да се изгласа со мнозинство на гласови.

Молам, во 15,40 часот. ќе извршиме точно пребројување на присутните пратеници и потоа ќе одлучиме како ќе работиме.

III/1 сј/вц

(По паузата седницата започна со работа во 15,45 часот)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, да се повикаат пратениците од пратеничките канцеларии, од ресторанот за да почнеме со работа.

Сега имаме кворум за работа.

Од претседателството имавме предлог, да почнеме со другата точка од дневниот ред, а оваа точка да остане како последна точка за оваа седница.

Кој е за овој предлог?

Процедурално бара господинот Положани.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Имам потреба да се искажам по одредена работа. Не е ова прв пат да одреден пратеник, одредена пратеничка група игра вака, по малку валкани игри. Излегува со одредени предлози и ги преиначува, Излегува со одредени предлози ги повлекува. Поднесува интерпелации, ги започнува и ги повлекува.

А, некои пратеници со својот малициозен стил како што е Голубовски едвај чека нешто да зборува за лојалноста на одредена категорија граѓани, односно за одредена популација, се знае на кого се однесува. Затоа, мислам крајно е време овој Парламент да се уозбили, а јавноста навистина да цени за кого гласала, како гласала и за што гласала.

Затоа иако во принцип ќе се приклучат кон предлогот на законот односно ќе го поддржат за што беше крајно време еднаш во овој Парламент последен можеби на Балканот и на сите земји од поранешниот социјализам за радиотелевизијата, овде тоа упорно, упорно се избегнува иако во одредени земји и кај одредени наши соседи за трансформацијата на радио телевизијата се расправало и по 7, 8 дена зошто секој е свесен кој ја држи телевизијата односно средствата за

III/2

јавно информирање кој ја држи Владата. Овде тоа упорно се чува статус квото иако децата знаат дека политиката на Тихомир Илиевски и на таа куќа веќе не оди никаде, дека е многу застарена и дека не носи ништо добро на оваа земја и на овие народи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го надминуваш прашањето за кое треба да разговараш, господине Положани.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Лично како Мерсим Положани и во име на пратеничката група декларирам дека воопшто нема да се изнесеме односно нема да гласаме, ќе бидеме воздржани.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Стефковски бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, логично е ако некој мисли дека ќе може да надигрува некого, во голема заблуда е. Оттука, за да бидат работите поставени на свое место, пауза од два часа, во име на пратеничката група. (реакција на пратениците во салата). Пауза од два часа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е присутна во салата и ве молам навистина не е човечки ни политички исправно да бараме постојано пауза за состануваше и усогласување.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Досега никогаш не е одбиена ниедна парламентарна група кога барала пауза.

III/3

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Точно така, ви дадовме два ипол часа пауза во претходното продолжение.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Барам пауза два часа. Да ми се одговори веднаш. (реакција на пратениците во салата)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас би молел пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да влезе во салата, да се бара пауза, па тогаш ќе одлучиме.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас би молел да не се измислуваат правила. Јас како координатор ја застапувам групата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тоа значи да не работиме. Тоа практично значи да не работиме и цел ден го изгубивме со паузи.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Барам да се произнесете давате или не давате пауза, како предлагач. (реакција на пратениците во салата).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, ќе го поставам на гласање.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не може да поставите на гласање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали Собранието прифаќа да се даде пауза од два саати.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Прво направивте големи процедурални грешки. Вие правите процедурални грешки по Деловникот. Едно ќе ви кажам како претседавач дека го злоупотребувате Деловникот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Ве молам, ова не е деловничка одредба туку е практика во нашиот Парламент.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Да, да, деловничка е. Варам пауза, вие го злоупотребувате. Со други зборови, требавте да го утврдите присуството по член 122 од Деловникот. Повреда направивте, петка. Затоа и водете сметка дека сепак има луѓе што го познаваат Деловникот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Сигурно.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

А, во овој случај, барам пауза од два часа. (реакција на пратениците во салата)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, напуштете ја говорницата па ќе го ставиме на гласање.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не, не, напуштањето е несериозно од ваша страна, нели.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Несериозно, меѓутоа беше сериозно кога дадовме пауза.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Вие одговорете дали уважувате или не и кажете не давам пауза, речете едноставно не давам пауза од два часа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас не одлучувам за тоа, а Собранието ќе се изјасни.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Досега одлучувал секогаш претседавачот и никогаш не било прашано Собранието. (реакција на пратениците во салата).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, ќе одлучува Собранието дали ја прифаќа по втор пат паузата од два часа.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не може со гласање да се утврдува барањето на пауза. Одлучува директно, тоа е деловничко прашање и право на оној што ја води седницата. Да не измислуваме правила.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи навистина дадовме пауза од два часа по барање на ваша пратеничка група, сега нека одлучи Собранието дали има потреба да се даде таква пауза.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Ние бараме пауза за дополнителни консултации.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро ова навистина не може. Ве молам, напуштете сега, па да им дадам збор на другите кои бараат процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Додека не ми одговорите на моето барање јас упорно тоа ќе го повторувам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро тоа ќе го утврдиме подоцна, сега ќе им дадам збор на другите кои бараат процедурално да се изјаснат.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не можете да давате се додека сум јас на говорницата на никого збор. (реакција на пратениците во салата).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Ова е играчка со Собранието и со пратениците кои се присутни во салата. Навистина не е човечки.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас барам пауза и мора да ми одговорите: давам пауза, не давам пауза.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Да,еднаш одобривме,дозволивме да добиете пауза и добивте повеќе од тоа колку што баравте.

Ве молам, ќе го поставам на гласање ако Собранието го прифати немам ништо против. Јас ќе гласам за пауза.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не може да поставите на гласање се додека сум на говорницата и додека барам да ми одговорите дали го прифаќање предлогот или не го прифаќате.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Јас навистина ве молам да ја напуштите говорницата да им дадам на другите збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Говорницата ќе ја напуштам кога ќе ми одговорите дали прифаќате или не.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ја прекинувам седницата м нејзиното продолжување накнадно ќе биде објавено.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,55 часот).